Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-1110/16
19-10-2022 god.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(24/19) член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-1110/7 од 05.10.2022 г.,Извештај од спроведена постапка бр.05-1110/15 од 13.10.2022 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**15764/2022** , Директорот на Друштвото донесе :

## ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда за Набавка на серверска опрема

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-1110/7 од 05.10.2022 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-1110/15 од 13.10.2022 година од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-1110/2 од 26.04.2022 година со примена на поедноставена отворена постапка Договорот за набавка на серверска опрема се доделува на:

**Друштво за трговија и услуги**

**ЛИРЕКС СКОПЈЕ ДООЕЛ**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите чии понуди се отфрлени за причините за отфрлање на нивната понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација.

Се задолжува Секторот за економско-финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **5 (пет) дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

Генерален директор
Sheval Ceku

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Индира Дрпљанин

контролирал: Анета Тодоровска

Одобрил: Аријана Раман